**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

# АНКЕТА ЗА КРЕДИТНАТА АКТИВНОСТ ПО ГРУПИ БАНКИ

ЧЕТВРТ КВАРТАЛ, 2020 ГОДИНА

јануари 2021 година

# *Резиме на резултатите од Анкетата за кредитната активност по групи банки*[1;2]

## *Големи банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменети кредитни услови за одобрување корпоративни кредити, наспроти нето-олеснувањето во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.
- Очекувања за првиот квартал од 2021 година: натамошно нето-олеснување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично со очекувањата дадени во претходната анкета и нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити, наспроти нето-зголемувањето во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: непроменети условите за одобрување кредити на домаќинствата, наспроти малото нето-олеснување во претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: натамошно мало нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, слично како и во претходната анкета.
- Очекувања за првиот квартал од 2021 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови, слично како очекувањата дадени во претходната анкета и нето-намалување на побарувачката на кредити од страна на домаќинствата, за разлика од нето-зголемувањето на кредитната побарувачка во претходната анкета.

## *Средни банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, но послабо во споредба со претходната анкета.
- Кредитна побарувачка: натамошно нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, слично како и во претходната анкета.
- Очекувања за првиот квартал од 2021 година: натамошно нето-заострување на условите за одобрување корпоративни кредити, слично со очекувањата дадени во претходната анкета и нето-намалување на побарувачката на корпоративни кредити,

[1] Методологијата на Анкетата за кредитната активност по групи банки е претставена во посебен прилог, којшто може да се најде на следнава врска: Методологија на анкетата за кредитната активност.
[2] Временска серија од податоците на Анкетата за кредитната активност по групи банки може да се најде на следнава врска: Временска серија по групи банки.

за разлика од нето-зголемувањето на побарувачката очекувано во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, за разлика од нето-заострувањето во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: натамошно нето-намалување на побарувачката на кредити на домаќинствата, слично како и во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2021 година: нето-олесување на условите за одобрување кредити на домаќинсвата, наспроти непроменетост на кредитните услови во претходната анкета и посилно нето-зголемување на побарувачката за кредити на домаќинствата во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.

## *Мали банки*

### Кредити на претпријатијата

- Кредитна политика: непроменетост на условите за одобрување корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-зголемување на побарувачката на корпоративни кредити, исто како и во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2021 година: непроменетост на кредитните услови исто како очекувањата дадени во претходната анкета и непроменетост на побарувачката на корпоративни кредити за разлика од очекувањата за нето-зголемување во претходната анкета.

### Кредити на домаќинствата

- Кредитна политика: нето-олеснување на условите за одобрување кредити на домаќинствата, но послабо во споредба со претходната анкета.

- Кредитна побарувачка: нето-намалување на побарувачката на кредитите на домаќинствата, за разлика од непроменетоста во претходната анкета.

- Очекувања за првиот квартал од 2021 година: натамошно нето-олеснување на кредитните услови и натамошно нето-зголемување на кредитната побарувачка, но послабо во споредба со очекувањата дадени во претходната анкета.